ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27-149/9**

**Дата: 25.09.2012**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Психијатриска болница – Демир Хисар (во натамошниот текст – Психијатриска болница) на сопствената сметка за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2011 година.

Психијатриска болница во 2011 година на сопствената сметка ги има искажано остварените приходи по основ на партиципација и прегледи кои не се наплаќаат по Програмите за здравствена заштита, како и приходите остварени од Министерство за здравство по основ на Програмите за здравствена заштита и приходи по основ на партиципација за неосигурени лица кои треба да ги надомести Министерството за здравство.
Средствата се искористени за редовно функционирање на јавната установа.
Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

---

| *Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| 1.____________________ | ________________________ |
| 2.____________________ | |
| 3.____________________ | |

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на Психијатриска болница на сопствената сметка, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Психијатриска болница застапувана од:

- Д-р Снежана Најдовска, в.д. директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Психијатриската болница се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од

страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.06.2012 до 10.07.2012 година од тим на Државниот завод.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Психијатриска болница на ден 23. 07. 2012 година.
Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Психијатриска болница на ден 31.12.2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар

### сопствена сметка

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,174 | 0 |
| Трансфери и донации | 5,184 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **6,358** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 5,995 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 236 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **6,231** | **0** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **6,231** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **127** | **0** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **127** | **0** |

## Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар
## сопствена сметка
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | 2011 | 2010 |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 127 | 0 |
| Побарувања | 35,371 | 0 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 86 | 0 |
| Побарувања од вработените | 83 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 143 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 348 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 2 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **36,160** | **0** |
| **Вкупна актива** | **36,160** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 2 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 36,158 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **36,160** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **36,160** | **0** |